Government of **Western Australia**
Department of **Health**

# Повелба за правата на пациентите
## во државните болници во Западна Австралија

Како и сите пациенти во државните болници во Западна Австралија  и вие имате право да:

1. изберете да добивате бесплатни болнички услуги како државни пациенти или да бидете третирани како приватни пациенти во државна болница
2. добиете третман врз основа на вашите здравствени потреби и, ако треба да чекате за третманот, да ви се каже колку долго се очекува да чекате
3. имате на располагање низа услуги во државните болници, без оглед каде живеете во Западна Австралија
4. имате на располагање преведувач
5. прифатите или одбиете да учествувате во обука на медицински/ болнички персонал или медицинско истражување
6. бидете третирани со почит, достоинство и обзири спрема вашата приватност и специјални потреби
7. бидете придружувани од член на семејството, негувател или лице по ваш избор каде што е прикладно
8. добиете безбедна и висококвалитетна здравствена нега укажана со професионална грижа, вештина и способност
9. добиете јасни објаснувања за секој предложен третман, вклучувајќи ги можните ризици и алтернативи, пред да се согласите или одбиете да го добиете третманот
10. барате второ мислење
11. ви се дадат информации за вашата натамошна здравствена нега пред да ја напуштите болницата и вашите контакт детали да бидат ажурирани
12. барате пристап до вашата медицинска евиденција според *Законот за слобода на информирање од 1992* и вашите лични податоци да се чуваат во доверливост
13. изразите пофалба, коментар или поплака за добиената здравствена нега и да ви се дадат информации како да поднесете жалба без доведување во прашање на вашата здравствена нега

### Ментални пациенти

*Законот за ментално здравје од 1996* содржи повеќе  дополнителни права за пациентите кои добиваат психијатриски третман. За повеќе информации ве молиме да се обратите до канцеларијата на Главниот психијатар на (08) 9222 4462 или одете на **www.chiefpsychiatrist.health.wa.gov.au**

HP10282 FEB'11 © Department of Health 2011






Delivering a **Healthy WA**